**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-211/5 од 28.02.2023 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог-Одлука за одобрување на Планска програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Се одобрува Планската Програма за изработка на **Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), со моќност до 10 MW, општина Демир Хисар.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Инвеститорот Бранислав Трпчески со живеалиште на адреса ул.„Вангел Николоски" бр.20 Охрид и ЕМБГ 0711961430007 , преку овластениот полномошник ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Битола со седиште на ул.„Борис кидрич" бр.12/16 Битола и ЕМБС 5437415 , поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-1567/1 од 29.12.2022 година, за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13- ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), со моќност до 10 MW, општина Демир Хисар, изработена од „ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Битола, кој поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0023, издадена од Министерство за транспорт и врски на 30.01.2019 година , со важност до 30.01.2026 година.

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Предлог планска програма** тех.бр. 0801-66-11/22 од февруари 2023 година
- **Графички прилог** со исцртан плански опфат на **ажурирана геодетска подлога** (dwg)
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП Y43022 од октомври 2022 година

- **Решение за услови за планирање** на просторот со Арх.бр. УП1-15 2112/2022 од 07.11.2022 издадено од МЖСПП- Сектор за просторно планирање
- Изјава за финансирање заверена на нотар со бр. УЗП 627/2022 од 24.01.2023 година
- Полномошно од инвеститор заверено на нотар со бр. УЗП 794/2023 од 30.01.2023 година
- Имотни листови : 20. 36, 38, 39, 84, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130 и 132 за КО Суво Грло

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план вон населено место, КО Суво Грло за намена Е1.13- ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), со моќност до 10 MW, општина Демир Хисар..

Врз основа на изнесеното, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Изработил: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2023.03.01 15:03:47 +01'00'

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**

**Никола Најдовски**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР